СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Доверливо Дел.бр.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестата седница на Собранието на Соција листичка Република Македонија
одржана на 1 февруари 1991 година

Скопје, февруари 1991 година

ШЕСТА СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 1.II.1991 ГОД.

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТРАНА 2


| ДИСКУТАНТИ: | СТР: |
|---|---|
| 1. СТ0ЈАН АНДОВ | 1 |
| 2. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | 2 |
| 3. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | 8,25,31,32 |
| 4. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | 21,33,38,39 |
| 5. СЛ0Б0ДАН ИВАНОВСКИ | 12,14 |
| 6. МОМЧИЛО ИВАНОВ | 28,30 |
| 7. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ | 11,14 |
| 8. БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА | 10 |
| 9. МИЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ | 15 |
| 10. ТОДОР ПЕТРОВ | 2,5,13 |
| 11. АЦО СПИРОВСКИ | 30 |
| 12. ГАНЕ ТОДОРОВСКИ | 18 |
| 13. НЕВЗЕТ ХАЛИЛИ | 34 |
| 14. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | 24 |
| 15. МИЛОВАН ШИКОВСКИ | 6 |

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија одржана на 1 февруари 1991 година

Седницата се одржа во сала број 1 на Собранието на СРМ, со почеток во 17,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше госпидин Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам да ги заземете своите места па да почнеме со работа.

Ја отворам шестата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Пратениците Бранко Блажевски и Панче Насев го најавија своето отсуство од седницата на Собранието на СРМ.

Констатирам дека на седницата присуствуваат повеќе од две третини од сите пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да почнеме со работа, дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам претседателот на Социјалистичка Република Македонија,членот на претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Македонија претседателот, потпретседателите и членовите на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Македонија членовите на Сојузниот извршен совет од Социјалистичка Република Македонија,претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректоратите на универзитетот Кирил и Методиј во Скопје и Универзитетот во Битола,

командантите на Скопската армиска област и на територијалната одбрана на Македонија, лидерите на политичките партии што учествуваа на првите повеќепартиски избори на републиката, претседателот на самостојните синдикати на Македонија, претседателот на Стопанската комора на Македонија, претседателот на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од народносоослободителната војна на Македонија, претседавачот на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ,координаторот на делегатите од Социјалистичка  Република Македонија во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ и поглаварите на верските заедници во Социјалистичка  Република Македонија.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија,

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Има збор господин Тодор Петов.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Најпрво би сакал да поставам неколку процедурални прашања во врска со работата на оваа седница, а во интерес на почитување на законитоста и во функација на извршување на правата и обврските на ова Собрание.

Прво, сакам да кажам дека, според Законот за избор и разрешување на претседател на СРМ и потпретседател на претседателот на СРМ, член 23 гласи:

"Кандидатот за потпретседател го предлага претседателот на Републиката на истата седница на која тој е избран".

Во поканата за седницата на Собранието на СРМ за 27 јануари од страна на претседателот на Собранието се вели: "Ја свикувам петтата седница". Во денешната седница се вели "Ја свикувам шестата седница".

Тргнувајќи од определбите на член 23, какви се, такви се, можеби се малку нелогични меѓутоа се постоечки со правно дејство,сметам дека почитувајќи ги законските одредби ова не е шеста туку продолжение на петтата седница. И понатаму, се додека не се исцрпи оваа точка - избор на потпретседател на претседателот на Републиката, сметам дека ова Собрание ниту може да закаже шеста седница ниту пак да расправа по било која точка од дневниот ред додека не го исцрпи дневниот ред од петтата седница.

Затоа, лично сметам дека направивме една грешка на седницата, на првиот дел од оваа седница одржана на 27 јануари, кога после неизборот на потпретседателот на претседателот сите си отидовме.

Бидејќи изборот е неизвесен и виси во воздух и на оваа седница за предложениот кандидат од ВМРО - ДПМНЕ, а веќе на 13 февруари најдоцна треба законски да избереме влада, имаме и цел друг куп на прашања за разгледување и одлучување во врска со функционирањето на стопанството и политичкиот систем, укажувам на правните последици од блокадата на работата на ова Собрание.

Затоа, предлагам, бидејки постои таква можност, тајно гласање, да не си одиме, се дотогаш до кога не се избере во законска постапка и процедура потпретседател на претседателот на Републиката.

понатаму, сакам да укажам дека постапката за избор на потпретседател, е точно утврдена во член 30 од привремениот деловник на ова Собрание и член 23, 24 и 25 од Законот за избор на претседател. Ние, исто така направивме една грешка на првиот дел од оваа седницата одржана на 27 јануари кога дозволивме предлогот за потпретседател, предлогот за кандидат за потпретседател на претседателот во писмена форма да ни го прочита претседателот на Собранието на Македонија.

Барам, почитувајќи го член 23 од Законот, претседателот на Републиката лично бидеј ќи е тоа негово суверено право, а не изведено вонпарламентарно право на партиите за утврдување на кандидати, лично претседателот, без посредување на претседателот на Собранието, лично претседателот на Републиката да го предложи пред сите нас кандидат за потпретседател, па и тој да каже нешто за личноста на кандидатот што го предлага. Бидејќи во крајна инстанца независно од вонпарламентарното договарање, бираме човек а не партија.

Лично, сметам тоа е мое укажување, стручната стружба е тука да го разјасни, доколку биде избран потпретседател на претседателот од партијата ВМРО -ДПМНЕ имаше укажување и од претставникот на Странката на Југословените дека давањето свечена изјава е во контрадикција со текстот на изјавата, со програмските определби на оваа партија.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие влеговте во претрес по конкретен кандидат.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас не преоѓам во претрес, поставувам процедурални прашања до кои ќе дојдеме...

СТОЈАН АНДОВ:

Програмските определби не се проблем на процедурата. Тоа е политично прашање.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас тргнувам од она подобро да спречиме отколку да лечиме и да доагаме до мачни сцени, па затоа и сега го предлагам.

СТОЈАН АНДОВ:

Држете се за текот на седницата и на Деловникот. Вие имавте неколку процедурални напомени. Дајте ги.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Еве ги процедуралните ги кажувам.

СТОЈАН АНДОВ:

Да не одиме во расправа. Не во претрес.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас изнесувам процедурални забелешки, не водам претрес по прашањето.

Понатаму, сакам да понудам во врска со тоа да не доаѓаме до мачни сцени, да се погледне член 438 од Уставот и да се види дали според тој устав избраниот потпретседател на претседателот има право да дава свечена изјава пред пратениците на овој парламент.

Исто така, на почетокот, пред да поминеме со работа по дневниот ред, би сакал да укажам на една моја констатација и ова Собрание да се изјасни по некои прашања да заземе некој свој став во врска со притисоците, притисокот од јавноста и при изборот на претседател и при изборот на потпретседателот на претседателот на републиката, т.е. сето она што следеше пред и после изборот и на кандидатите на СКМ и на кандидатот на ВМРО. Кај народот се создаде

една атмосфера на хистерија и еуфорија. Нам култ на личноста не ни е потребен бидејки резултатите и последиците од една таква политика ги чувствувавме сите. Правната држава, сметам дека можеме да ја градиме единствено врз стабилноста и довербата на институциите на системот а не преку култот на личноста.

Затоа, сметам дека ако за секое кадровско прашање предизвикуваме масовни петиции, митинзи итн.

СТОЈАН АНДОВ:

Ви се молам, Вие одите во претрес. Дајте ги напомените што сакате да ги дадете. Кога ќе биде на дневен ред точката и ќе расправаме по тоа повелете ќе ви дадам збор.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Ќе го искористам правото на збор после.

СТОЈАН АНДОВ:

Сигурно, сигурно. Дајте да одиме по ред.

Вам никој не може да ви го ускати правото на дискусија.

Го молам секретарот да даде појаснување околу изборот на потпретседател бидејки тоа нам ни беше толкувано. Сега тој нека објасни. На истата седница се избира потпретседател и два пати се гласа. Ако мора два пати да се гласа. Така постапивме. Но, потоа постапката веќе се обновува, повторува. Штом постапката се повторува тогаш не може да биде на истата седница, затоа што се потребни сите претходни консултации што инаку се нужни за повторување на постапката. Ние токму така постапивме. Секретарот нека објасни.

Има збор госпидинот Шиковски.

МИЛОВАН ШИКОВСКИ:

Постапката за избор на потпретседател на претседателот на Републиката е уредена со Законот за избор и разрешување на

Социјалистичка Република Македонија и потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

Со одредбите од овој закон е уредно кандидат за потпретседател да предлага претседател на Републиката на истата седница на која е тој избран. Тоа беше направено и вие знаете дека со два пати гласање односно со повторување на гласањето кандидатот не го доби потребното двотретинско мнозинство. на Истата седница немаше објективни можности да се повторува истата постапка. Истата постапка значи повторна можност во рок од 7 дена претседателот да може да предложи нов кандидат.

Во конкретниов случај претседателот тоа го направи и затоа за денеска е закажана седницата. Ова што и претседателот напомна, не може, нормално да се очекува, на истата седница претседателот повторно да предлага кандидати без да се направат потребни консултации со политичките партиии. Лично смета, дека не е направена никаква процедурална грешка што е нормално, ако сакаме Собранието да избере за потпретседател личност на кое Собранието навистина ќе му даде поддршка. Истото тоа е уредено и со привремениот Деловник на Собранието, кој што ова Собрание го донесе на конститутивната седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор, во врска со дневниот ред?

Не бара.

Дали се усвојува предложениот дневен ред?

Молам, кој е за да крене рака. (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема).

Има ли воздржани? (еден пратеник е воздржан)

Констатирам дека дневниот ред е утврден со еден глас воздржан.

Минуваме на точката еден. Избор на потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

Претседателот на Социјалистичка Република Македонија предложи кандидат на потпретседателот на Социјалистичка Република Македонија.

Предлогот Ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот на кандидатот за потпретседателот на претседателот на Републиката.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор господинот Голубовски.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Најнапред сакам да предадам 2.000 потписи од охридско и од Струга од изборната единица од каде што сум пратеник, со пропратно писмо кое што на рака ми беше донесено непосредно пред одржување на седницата. Истите ќе ги предадам на претседателот на Собранието на увид.

(Пратеникот Голубовски го предава пликото во лое се наоѓаат потписите и пропратното писмо од неговата изборна единица на претседателот на Собранието господин Андов).

Останувам во се' на она што го искажав на последната седница со тоа што сакам да дополнам само уште некои нови моменти.

Најпрвин, да го изразам својот револт како граѓанин на Македонија и загриженост од методите кои почнаа да се спроведуваат во политичкиот живот на Македонија.

Свесни сме што се случуваше од последната седница до денеска. Свесни сме на нешто што претставува апсурд, меѓутоа, за

жал вистина дека помалку од 1% од вкупниот број на граѓани на Македонија вршат терор на политичките определувања и на гледањето на демократија во Македонија.

Од тие причини, уште поцврсто стојам на позицијата
дека денеска треба во една расправа да дојдеме заеднички до едно
сознание колку навистина кандидатот за потпретседател може да ужива доверба. Уште пред самото гласање да се изјасниме во македонскиот парламент.

Јас го повикувам Љупчо Георгиевски да ми одговори на две прашања:

Првото прашање е да ги искаже мотивите за посетата во Загреб и контактите со ХДЗ и со претседателот на Република Хрватска Туѓман, заради тоа што како пратеник имам обврска да го поставам ова прашање во име на сите загрижени граѓани кои го бараат тоа од мене.

Второто прашање, на некој начин е во врска со првото прашање, а се работи за евентуалното можно сценарио во Македонија да се спроведе нешто слично како и во Хрватска што се наметнува само по себе од изјавата за Конференцијата за печат што беше дадена од ВМРО и претседателот на ВМРО - ДПМНЕ Љупчо Георгиевски, со тврдењето што беше достатно за македонската јавност, дека ВМРО контролира високи кругови на државната безбедност во Македонија. Тоа, секако предизвикува голема загриженост кај граганите од можноста така важна институција да се стави во партиска задача. И голема опасност по демократијата и граѓанските слободи по уставните слободи на граѓаните на Македонија.

Трето, да констатирам, затоа што нема да барам повторно збор, дека останувам длабоко убеден, дека предлогот  Љупчо Георгиевски да биде потпретседател на претседателот на Република Македонија е неразумен и срамен гест што се случува во нашата политичка  стварност.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?
Дали во претресот некој друг бара збор?
Има збор пратеникот  Биљана Лазаровска.

БИЛЈАНА ЛАЗАРОВСКА:

Почитувани пратеници, пратениците од парламентарната група на ВМРО - ДПМНЕ го почитуваат предлогот на претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров за господинот Љупчо Георгиевски за потпретседател со цврсто уверување  дека тоа е најпогодниот кандидат од нашата партија за оваа важна функција. При ова наше уверување и став, почитувани дами и господа, поаѓаме од фактот што и покрај кусото време од неговото појавување на политичката сцена во Македонија во едно мошне пресудно време за неа и за не]зиниот народ, тој го достигна степенот на широко прифатена и политичка личност. Се разбира, не подлегнуваме на можноста слепило на тие кои не мислат така. И тоа не го чувствуваат, таквите ги има и тие навистина ја одразуваат плуралистичката афтмосфера кај нас во која на самиот нејзин почеток е можно да има и артикулација на малициозност и нетрпеливост од одделни личности и центри. Впрочем, таквиот вид на артикулација тешко ќе може да се  надмине во состојба кревка демократија и од позиција на едномисленииштво.

Недвосмислено сакаме да напоменеме дека барањето на некаква наводна компетентност во нашиов македонски случај може единствено да наликува на продолжена теза за барање на подобност од довчерашен "пов". Ние, во нашата партија, за таков вид на подобност не размислуваме и нема тоа во никој случај да го сториме. За нас се подобни само такви личности што ќе се борат за суверена македонска држава, а за нивната компетентност и стручност секако ќе настојуваме да биде во рамките на такво изразување на тој важен елемент како што го прифаќа целиот прогересивен свет. Сакаме и во тоа веруваме, да го отвориме патот кон пагањето на некомпетентните.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави господин Јовчевски.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувани претседатели и почитувано претседателство, ако веке се носат потписи тогаш нека се слушне гласов и на 12 иљјади потписи од Прилеп за поддршка на Љупчо Георгиевски да биде избран односно за поддршка на кандидатурата на претседателот Киро Глигоров за потпретседател на претседателот да биде избран Љупчо Георгиевски. Ако треба, накнадно ќе земам збор за учество во дискусијата, ако понатаму некој се јави за збор.

(Пратеникот Јовчевски ги предава потписите на претседателот на Собранието господин Андов).

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави Слободан Ивановски.

СЛОБОДАН ИВАНОВСКИ:

Почитувани пратеници и почитувани граѓани на Македонија, еве сведоци сме, се раѓа нов вид на штафета во Македонија, можеби сега на прв поглед не е толку убава, но сигурно во иднина бе ја оформиме онака како што ни треба. Не сакам да бидам циник, меѓутоа сигурно дека овој начин не е прав начин да се избере потпретседател на претседателот на републиката. Во оваа прилика , од името на странката на Југословените сакам да истакнам некои моменти кои за нашата странка, додуша ние овде имаме само два]ца пратеници, но тоа не значи дека сме безгласни. За нашата странка некои работи се многу важни во однос на господинот Љупчо Георгиевски. Покрај она што го спомнав на претходната седница тоа е соработка со ХДЗ за нас е многу симптоматичен настан. Пред се заради тоа што ХДЗ до вчера припремаше граѓанска војна во оваа држава. Ако некој оди да соработува, да договара и разговара со нив, тоа за нас е многу проблематично. Нам граѓанска војна не ни треба, а лидери кои разговараат со оние кои припремаат таква војна, Ве молам размислете!

Второ, несовпаѓање на програмите на господинот Љупчо Георгиевски, односно неговата странка со она што го имаме како програма изложена како претпоследната седница од господинот претседател на републиката Киро Глигоров. Ако имаме двајца луѓе кои еден на друг треба да си помагаат, а зад нив стојат сосема различни програми, тогаш јас се прашувам како ќе соработуваат?

СТОЈАН АНДОВ:

Кој бара збор?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас за личноста на кандидатот воопшто нема да се изјаснувам, заради тоа што тоа е мое лично право дали ќе гласам "за", или "против". Ако јавно, декларативно се изјаснувам дали сум "за" или "против", си ја суспендирам тајноста на изборната постапка. Впрочем и досега многу членови на партиите јавно кажуваа "за" меѓутоа во гласачките кутии спуштаа "против". Јас би кажал само нешто во врска со целокупната постапка која следеше пред и после изборите и на претседателот и на потпретседателот. Сметам дека ова Собрание мора да се изјасни и да заземе некој став во врска со притисокот од јавноста и при изборот на претседателот и при овој избор на потпретседател на претседателот, тоа е сето она што следеше пред и после изборот, односно неизборот и на кандидатот на СКМ и на кандидатот на ВМРО. Кај народот се создаде една атмосфера на хистерија и еуфорија. Јас сакам да укажам од оваа говорница дека култ на личноста не ни е потребен, бидејќи резултатите и последиците од една таква политика ги чувствуваме сите. Правната држава можеме да ја градиме единствено врз стабилност и довербата во институциите на системот, а не преку култот на личноста. А на Македонската држава може без било кој, меѓутоа, не може без сопствениот Македонски народ. Затоа ако за секое кадровско прашање предизвикуваме масовни петиции, митинзи итн. тогаш овој Парламент нема потреба да заседава и да решава со свои сопствени одлуки и самостојно, туку треба да ја задолжиме Стручната служба да собира петиции и да брои потписи и врз основа на изјаснувањето на граѓаните со потписи да се определуваме при гласањето. Затоа апелирам страстите кај граѓаните да се смират, во државата да завладее ред и

поредок, а Парламентот самостојно да одлучува, за да не ги суспендираме неговите права, односно да го суспендираме како институција. Впрочем на наредните избори секој ќе може да се искаже дали има доверба во нас, или не. Такви сме какви што сме избрани, односно какви што не избрале граѓаните, а какви биле претходните кои воопшто не ги ни гледавме на телевизиските камери, можеме само да претпоставуваме.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сакам една мала реплика да доставам до претставникот на Странката на југословените. Ми се чини излагањето на господинот Ивановски во својство на претставник на странката на Југословените  најблаго речено е невкусно. Особено заради тоа што господин Ивановски на 1 декември 1990 година во Љубљана на прославата  на формирање на СХС во некои кругови кои сакаат да го прослават како Југословенски празник таму беше како партиски претставник и господинот Ивановски. Македонската јавност може да ја оцени оваа околност на највистински начин бидејќи многу добро знае Македонскиот народ што претставува 1 декември 1918 година, само за менување на јаремот.

СЛОБОДАН ИВАНОВСКИ:

Должен сум да реплицирам затоа што навистина бев на 1 декември минатата година во Љубљана, но, затоа да и' кажам на Словенечката јавност дека Македонскиот народ 1 декември не го прифаќа како датум кои треба да се слави. Може да биде историски факт, но никако датум кој треба да се слави во Македонија. Постојат снимки цел час и половина е зборувано за Љубљанска телевизија, Ве молам консултирајте ја истата таа телевизија.

МИЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ:

Нашиот претседател Димитар Галев е болен, па како потпретседател на Партијата ме замоли јас да присуствувам на седницата.

Пред да го поддржам во стилот и духот предлогот за кандидат за потпретседател на претседателот на Републиката на Македонија, би реплицирал малку со господинот Ивановски од Странката на Југословените. Децидно, самоуверено изјави дека секој што преговара со господин Туџман и ХДЗ, заговара граѓанска војна. До вчера преговараше господин Милошевиќ. Значи ли Странката на Југослсвените и господин Милошевиќ и ХДЗ ни подготвуваат граѓанска војна. Наскоро помеѓу републичките договори нашето државно раководство треба да преговара со господин Туџман и тоа наше државно, партиско раководство, парламентарно ќе биде прогласено дека заговара граѓанска војна во Југославија? Се' се сведува на тоа да бидат оневозможени политичките субјекти и политичките партии ако веќе се легални, можат не само во земјата, не само со одредени партии инкриминисани, или вакви, или такви, туку можат во името и за Македонија со секого да преговараат. Тоа е нивно уставно право, тоа е нивна должност да преговараат и договараат се' што е можно и од ѓаволот се учи. Ако ништо друго, барем да не ги правиш неговите пакости.

На минатата седница нашиот претседател го поддржа предлогот за кандидатот за потпретседател на претседателот на Републиката. Нешто што сакав да зборувам веќе беше спомнато за зборот "компетентен и стручен". Компетентен човек станува во оној момент кога ќе има позиција. Инаку е само стручен, или меродавен за одредена работа да ја врши. Компетенции добива дополнително откако ќе биде избран. Дали ќе биде господинот Ѓорѓиевски компетентен, тоа треба

да го изгласа Парламентот. Дали пак е тој стручен, или не, покажуваат досегашните негови успеси во организирањето на Партијата и во гласањето. Што се однесува до ова што се случува овие денови на улиците, тоа секако прво, не беше изум на ВМРО. Пред тоа се случија некои други работи. Не сум за таков вид демократија, нема да ја наречам улична бидејќи таа си има термин, вонпарламентарна демократија која е исто така легална и која исто така може да биде функционална доколку во одредени ситуации Парламентот, мислам нивните избраници затајат. Беше префрлено и тоа дека и малолетници се вклучени во ова. Ние имавме долго време и сеуште стои активна пионерска организација. Една политичка организација може да си има и своја младинска организација и своја пионерска и своја детска организација. И тоа би било добро нашите партии да ја негуваат младината која денеска ни се растура ваму, или таму. И во тоа не наоѓам ништо зошто би можел да биде обвинет господинот Љупчо Георгиевски, или неговата партија.

Господинот Тодор Петров рече дека претседателот на Републиката би требало да излезе и да го каже својот збор и својата определба за изборот. Меѓутоа, според мене е далеку невкусно ако еден претседател на една партија и ако меѓупартиските лидери одбрале еден човек да го предложат за кандидат и тоа да се нарече "срамно, безобзирно, понижувачки", тоа веќе на еден начин е омаловажување на целата институција. Кога викам на целата институција, мислам на претседателот на Републиката, мислам на меѓупартиските договори, мислам на целата таа демократска институција на договори. Затоа ваквото истапување не може во исто време да му се служи и на господа и на ѓаволот. Кај нас се покажува една ситуациј а, во овој момент

Не акцептирам на дискусијата, мислам на Голубовски, туку зборувам воопштено, кај нас се покажа барем од овие пет седници досега дека многу луѓе сакаат да му служат и на господа и на ѓаволот, односно и себеси и на Македонија. Македонија навистина се служи преку себеси, меѓутоа, преку почитувањето на договорите, или почитувањето на личностите кои ги носат тие договори. А тие дали се по наша желба, или не, тие се избрани лица.

Зошто сметам дека господинот Љупчо Ѓеорѓиевски може да биде избран за потпретседател на Републиката и дека треба да биде. Покрај опитниот Глигоров, млад човек на кого карактерот уште му е во зреење, уште ќе се крши, прекршува, што не значи дека ќе отстапува од своите идеи, меѓутоа, ќе може да учи и да научи да биде државник. Ние досега воопшто не се обидуваме да одгледуваме државници. Негуваме луѓе “адхог” од една функција во друга кои никогаш не стекнаа и можеби и затоа на изборите вака се покажаа овие односи. Ние предлагајќи го господин Љупчо Ѓеорѓиевски за потпретседател на Републиката точно тоа го имавме во вид. Очекуваме навистина од овој Парламент без оглед на младоста, без оглед на опитноста, без оглед на страстите кои ги носат партиските определби дека ќе израснат државници кои ова достоинство што со прогласувањето на суверенитетот го достигнавме ќе бидат во состојба да го повлечат уште понапред. Затоа што на еден начин ние само повлековме црта, меѓутоа, таа црта уште не е повлечена меѓу нас и нив, не мислам на одредени струи и структури внатре, туку мислам на светот.

Во тие две честитки на господин Кучан и господин Туџман што ги доби нашиот Парламент за нашата сувереност, веќе е првиот чекор кон меѓународно признавање на Македонија. И на тие млади идни државници треба најмногу да се потпреме.

ГАНЕ ТОДОРОВСКИ:

Се извинувам што вака влегувам во една расправа кон која што можеби и не сум должен да учествувам, но уважени дами и господа, народни пратеници, уважен господин претседателе и претседателство на Парламентот на Социјалистичка Република Македонија, овој пат навистина несакам само од свое име да зборувам, туку и од име на една Партија со национална ориентација, бидејќи ми е ставено во задача и од членството и од граѓани што ми се обраќаат. Припаѓам, или стојам на чело на една партија со национална ориентација која е комплементарна по идејни цели и насоки со ВМРО-ДПМНЕ
и која покрај сите разлики и покрај сите разидувања во непосредната политичка пракса и прагматика е должна во име на нацијата, на државата и на стабилноста на нашево општество да гради логика и резони на солидарност. Ние во МААК не сме за криза во Социјалистичка Република Македонија, ниту устовотворна, ниту парламентарна, ниту политичка, ниту никаква. До нос ни е од кризи и затоа уважени дами и господо, ние мораме барем малку да тргнеме напред. Мораме да сме сите фактори на стабилизацијата на нашата татковина. Зошто ако веќе како што рече уважениот господин Киро Глигоров, претседателот на Македонија, нам на сите Македонија ни е се' и веруваме и се надеваме дека партиската припадност и на господинот Киро Глигоров барем овие четири години ќе мирува. Јас парафразирам, но сакам да се потсетиме заеднички на една изјава на Кучан, претседателот на Словенија, кога неговата партиска книшка, показ и

доказ на членство во Комунистичката партија рече дека четири години ќе мирува, додека му трае мандатот ќе лежи во фиока. Мислам дека господинот Киро Глигоров, од денот на изборот па натаму ќе им припаѓа на сите македонски политички партии и во Парламентот и вон Парламентот, ќе му припаѓа на сиот Македонски народ. И најверојатно токму во тоа име ние сме за оспособување на овој Парламент, прв Македонски плуралистички парламент за оспособување на Македонскиот плуралистички тренд кој треба да ги надминува системно и постојано кризите, да ги совладува, или да ги совладуваме ако смеам да речам, да ги надраснуваме, или да ги надраснува со мудрост и со видовидост, а не да ги усложнува, не да ги избегнува, не да ги компилицира на било кој начин. Значи ние кажувајќи дека не сме за криза, мислам ние од МААК свесно кажуваме дека сме за тоа преку разговор да градиме договор и дека само преку тој договор, таков договор можеме да сметаме на тој потребен чекор понатаму.

Дами и господа, народни пратеници, ние веруваме дека како една политичка партија што зад себе сеедно дали има десет, сто, илјада, десет илјади, или сто илјади поддржници, активисти и членство и симпатизери, сметаме дека во првиот миг кога се раскрилува демократијата не треба да и ги сечеме крилјата, не треба на некој начин да градиме уште во почеток лимитирана, ограничена демократија, ниту ограничен суверенитет. И токму затоа убеден сум дека нема перспективи демократијата во Социјалистичка Република Македонија ако службите на Југословенската Народна Армија или Сојузот на борците сеедно сватен од геронтолошко содружие, или како делумно како бивши стражари на Голи оток да го блокираат предлогот

за Љупчо Ѓеорѓиевски како млад , како неподобен, како анти штогоде. Господа и дами неодамна "Атинска Вима” или на неа сличниот "Неоскосмос” и Солунскиот "Елионос ворас" пренесоа и коментираа една вест дека наводно Милован Гилас рекол: Македонската нација се крепи единствено врз снагата на Југословенската народна армија". Знам дека ова е провокација, но токму знаејќи го тоа дека е токму провокација, сакам да бидам во редот на оние што би се срамеле да припаѓаат на нација што ја штити било која армија. Во тоа име сметам лично и во име на Партијата на чие чело стојам дека не прифаќам чепкање ниту во потекло, ниту во досиеја, не прифаќам ограничување на Македонската демократија. Тешко ќе привикнеме на политичкиот плурализам ако ВМРО ДПМНЕ партија кон која што лично и јас можеби не одгледувам ни КОЈ знае какви ниту илузии, ниту никакви големи перспективи, но тоа е што е. Велам ВМРО ДПМНЕ го предложил Љупчо Ѓеорѓиевски и е веќе постигнат некаков фер договор за поделба на власта и во тоа име добро би било да не се блокира таквата нафатка затоа што тоа го наложува мудриот резон на политичкиот плурализам.

Механизмот на првиот Македонски политички еднодомен Парламент треба да проработи веднаш. Ние сме за тоа Македонската демократија да постои, да заживее потполн живот во следните четири години, да проработи што побрзо без одлагање. Затоа дами и господа не кревајте стоп за Љупчо Ѓеорѓиевски. Тој исто така утре ќе биде должен по изборот книшката на својата партиска припадност да ја остави во фиока да мирува, барем четири години и како што го спомнав случајот со Милан Кучан, или како што реков за господинот Киро Глигоров, тој ќе треба да и' припаѓа на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Георгиевски.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Чувствувам дека треба да одговорам само на едно прашање, затоа што, очигледно би се почувствувала самата празнина на неодговорот. Односно би одговорил на двете прашања на господинот Владимир Голубовски.

Кој беа мотивите на нашата посета во Загреб односно средбата со ХДЗ, значи воедно посетата односно средбата со претседателот на Хрватската држава.

Мотивите се во нашите програмски цели. Ако господинот Владимир Голубовски добро се сеќава уште на нашата прва изборна, на нашето прво изборно собрание во Скопје на 17 јуни рековме дека ВМРО ќе се залага за што поблиска соработка со Словенија и Хрватска од проста причина што во последните неколку години во Македонија имаше просто една блокада кон Словенија и Хрватска. Блокада која беше по некој рецепт воспоставена од Македонија. Тоа беше само еден знак дека Македонија може да води малку поикаква политика.

Инаку, јас кога зборувам за Хрватска, исто мислам и на Словенија, па би го потсетил дека токму во таа политичка програма на ВМРО, господинот Голубовски има направено 2 посети на Словенија. Јас навистина не би ја делел Словенија од Хрватска ниту во една работа, па дури сега што е најголемиот проблем вооружувањето, бидејќи сите ние знаеме како и Хрватска така и Словенија е вооружена.

Второто прашање е дали има некои сличности во поглед на методите, на некои методи кои треба сеуште да почекаме да се докажат. Јас би рекол и најодговорно би го потврдил дека нашите разговори беа строго политички разговори. Зборувавме за историските моменти, за историските услови и зборувавме за политичките погледи на двете партии, на ХДЗ и ВМРО-ДПМНЕ во Македонија, а исто така зборувавме и за начините на разврската на кризата во Македонија. Пак ќе речам, најодговорно, со сета морална одговорност дека само за политички ставови се зборуваше.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господин Арнаудов.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:

Почитуван претседател, почитувани потпретседатели, почитувани пратеници. Би сакал накратко да укажам на една поврзаност пред која тука не треба да се замиже.

Зборуваме за некои притисоци од јавноста, за разни петиции и телеграми за давање на поддршка на едниот или другиот кандидат. Јас мислам дека сето тоа е во ред. Ќе кажам зошто? Овде се постигна еден меѓупартиски договор за истакнување на кандидатурата на господин Љупчо Георгиевски за потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

Кога знаеме дека зад лидерите стојат партиите, а зад партиите стои народот како гласачки аудиториум тоа значи дека и народот се согласил за таа личност да биде кандидирана за потпретседател на претседателот. Исто така се совпаѓаат и желбите на целата македонска јавност преку изразените поддршки на разни

начини и сметам дека ние пратениците, кои сме овде, наша должност е ние тоа да го потврдиме, на еден начин да го озакониме односно да го ....озакониме изборот на Љупчо Ѓорѓиевски за  потпретседател на претседателот на Македонија.

Би сакал да кажам нешто и во поглед на личноста на Љупчо Ѓорѓиевски. Ако ја погледаме структурата на поделеноста на функциите во нашата нова власт тука имаме од сите возрасти. Тука има зрели луѓе, имаме средновечни луге, имаме и во поодминати години. Меѓутоа, зошто и Љупчо Ѓорѓиевски со својата младост, за која сметам дека е предност, а не хендикеп за која некој смета и со тоа ја привлекува најкреативниот и најработоспособниот дел од македонскиот народ, му дава поддршка, зошто и Љупчо Ѓорѓиевски да не учествува  во поделбата на функциите кој се во македонската власт.

Трето, често пати ние овде заговараме дека за се’ што ќе направиме треба да слушнеме некои други што ќе кажат за нас. Некои треба да го собира мислењето и да прати дали македонците направиле нешто што е во ред, или не е во ред. Мислам дека тој стил на однесување треба да го напуштиме и да почнеме да се однесуваме во духот на големата мисла на славниот руски писател, мислам Толстој беше, кој од прилика гласи вака: Кога ќе тргнеш дома да си одиш, ако застануваш на секое куче што ќе залае, никогаш дома не ќе стигнеш.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Почитувани пратеници, ова што ќе ви го изнесам е мој личен став, не е став на мојата партија или на парламентарната група на која јас припаѓам. Уште пред неколку дена донесов лична одлука да го дадам својот глас за кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ за потпретседател на претседателот на Републиката. Притоа се поведов не од компетентоста, од стручноста, не од тоа дали се работи за млад човек пред кој стои перспектива, а најмалку за тоа дека се работи за голем македонец. Притоа, исто така, не се поведов од некои митинзи, од разноразни петиции, закани, заплашувања, молотови бомби, коктели и т.н. Напротив, тие кај мене лично предизвикаа само спротивен ефект од овој, да  го дадам својот глас. Единствена, и само таа беше причината што сметав ако е веќе постигнат некој меѓупартиски договор, тој договор треба да се почитува и дека е веројатно ова единствениот излез, со оглед на тврдиот став на ВМРО да се излезе од оваа ситуација, во која што едноставно не можеме никако да го заокружиме конституирањето на власта во Републиката, а оваа Република има толку големи проблеми и во стопанството, и во економијата што е навистина трагично што ние губиме толку многу време дали ќе биде Љупчо или Петко или Станко потпретседател на претседателот на Републиката. Веројатно, тука ќе завршев да не беше претходната дискусија од господинот Ѓеорѓиевски, во која што даде свое образложение за посетата во Загреб и за средбата со, јас не знам што да кажам, дали со првите луѓе на ХДЗ, или првите луѓе на Република Хрватска, дали тоа беше меѓупартиска, или меѓудржавна, дали беше меѓупарламетнарна средба? Во секој случај го

прифаќам неговото објаснување со тоа што никако не можам да го прифатам она што од таа средба излезе како соопштение. Затоа ќе ја искористам оваа прилика сега, пред да се направи изборот на Љупчо Ѓеорѓиевски, за потпретседателот на претседателот, да му порачам една работа, а тоа е: веднаш, под итно да ги напушти своите идеи за конфедерација со Бугарија и со Грција, кои што едноставно не го признаваат дека постои македонскиот народ и дека доколку тој самиот во тоа не може никако да успее, тогаш му ветувам дека секоја седница на Парламентот во иднина ќе ја користам да го потсетам на тоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Голубовски се јави за збор.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

На моето прашање во врска со високите кругови на државната безбедност на Македонија не беше одговорено. По аналогија ќе го повторам прашањето со одговорот на Љупчо Ѓеорѓиевски за разговорите со ХДЗ, дека се разговарало за политички ставови, ме интересира дали исто и со круговите на државна безбедност во Македонија Љупчо Ѓеорѓиевски разговараше за програмски цели на ВМРО? Мене ми е навистина голема дилема денес тука, и се кршам дали да отворам едно прашање до крај или не, заради тоа што паузата што настана на почетокот од денешната седница сигурно имаше свои причини. Во овој момент на чувство на одговорност од тоа што би можело да произлезе и како вознемирување на македонската

јавност, бидејќи се пренесува директно, сакам само во свое лично име да го изразам своето стравување дека на тие разговори со, како што ги кажува ВМРО, високите кругови на државна безбедност основано сомнение постои дека се разговарало за податоци на одредени граѓани и за тоа како треба да изгледа државната безбедност после конституирање на новата власт. Односно, во секој случај нешто што како активности се противуставни и опасни за секоја држава, па и за нашата. Затоа, прашање ќе биде конкретно.

Го повикувам Љупчо Ѓеорѓиевски да каже дали, а бидејќи кажа дека одржувале контакти и имаат контрола над кругови на државна безбедност, да каже колку пати и со кого од тие високи кругови на државна безбедност се состанувале и дали притоа имале конкретен увид во документација на одредени граѓани и дали притоа и систематизацијата на идната државна безбедност не ја разгледувале заедно? И, дали притоа не се делени ресори во новата влада како благодарност за таквата соработка?

Молам, во записникот внимателно да влезе одговорот на Љупчо Ѓеорѓиевски, затоа што имам намера на една од идните седници да поведам иницијатива за конкретна активност што произлегува од одговорноста на Парламентот во сферата на безбедноста во Македонија и од можните создавања на состојби што битно би ги нарушиле граѓанските слободи во Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор претставникот на Работничката земјоделска партија.

ПРЕТСТАВНИК НА РАБОТНИЧКАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА:

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Дискусијата што се води во моментот во овој дом навлегува во сосема суптилни пори на нашето живеење и во сферата на човековите права, неговата безбедност и егзистенцијата на Македонија воопшто. Не навлегувам дали е ова во право или не, бидејќи не располагам со никави факти, меѓутоа во интерес на вистината е, сметам дека е разумно да се формира, како во сите цивилизирани парламенти, Парламентарна група која ќе ги испита сите овие наоди и еднаш една хипотека врз одредени личности да симне или да потврди, или организација. Ние гледаме и слушаме  дека се зборува се' и сешто. Наводно, да и господата новинари се изложени на притисок, претњи и тоа го чув, од кого и како се и мислам дека парламентарна група во сите цивилизирани парламенти во светот при вакви појави се формира и ги испитува нештата, па ги презентира пред парламентот, се заземаат ставови и тогаш се знае што да се прави. Вака еден рекол вака, друг онака, без потврдување на факти и институции кој ќе го потврдат тоа или ќе го негираат не води кон ништо. Личност која ќе се избере при вакво големо сомнение му се поткресаат крилјата. Веќе и функционалноста негова, и делувањето е доста смалено. Тоа е и хендикеп за самата личност. Но, ако парламентарната група која ќе води истрага околу овие работи што се искажаа сега ги потврди односно ги негира како исмишљотина, јас мислам дека и таа хипотека  врз одредена личност, апострофирајќи на која се однесува ќе биде симната односно потврдена.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Иванов.

МОМЧИЛО ИВАНОВ:

Господине претседателе, пратеници.

За да спречам можности за реплики, а ние имаме над 42 илјади гласа како партија. Ова го кажувам за да се знае, а што беше законот таков, таа ние беше среќата. Потпретседател сум на една категорија луѓе, која единствено ги плаќа каприците на одредени личности и одредени математики, кој што овде се случуваат. Имено, јас одлично знам што во овој момент во Македонија мора. Овде титра една работа дека нешто мора, што не е суштинско и не е битно и што не е пресудно. Мора да се избере Љупчо Ѓеорѓиевски за потпретседател па макар вие паднале во несвест. Односно нема таков лимит и никој не го навестува како можност, како алтернатива. Што значи ставени сте пред свршен чин. Да имам друга држава, да имам друга освен оваа јас да ви кажам ниту ќе се појавувам ниту ќе бев во една партија на несреќници, партија на неимотни, на партија на избркани која што се бори за својата егзистенција, за својот гол опстанок. Мислам дека ВМРО има апсолутно право да бара од своите, бидејќи еден од претходниците рече, најкреативни и најработоспособни, го цитирам, луѓе да ја преземат оваа функција. Меѓутоа, инаетењето по секоја цена одредена личност, само таа и никоја друга е нешто што мислам дека ќе му доликува на парламентот. Јас мислам дека е во прашање во моментот, простете ми на зборот, достоинството на Парламентот. Имено, ако луѓето без нови сознанија сега гласаат спротивно од она што гласаа стои нешто друго. Би сакал да потсетам на моето поимање, што значи вонпарламентарно договарање, тоа е релативна категорија и мислам дека партиите завршуваат на влезот на овој Парламент, а во Парламентот

влегуваат сериозни и самосвесни луѓе кои што имаат повеќе обврска пред оние што не гласале за нив, а се во истата изборна единица, отколку оние што гласале за нив. Сепак, нека одмерат која е таа количина луѓе што гласала за нив, односно количината луѓе која што тие ја претставуваат. Јас уште еднаш би замолил за една поголема толеранција и една поголема ефикасност, единствено се бориме, сите се залагаме за ефикасен Парламент и ефикасна држава. Ова што сега се случува не доликува на тоа.

АЦО СПИРОВСКИ:

На ВМРО,  ми се чини, му се наметна една дискусија и како замка навлеговме да дискутираме за нашиот претседател кој го нудиме за потпретседател на Република Македонија.

Ми се чини дека на денешната седница е сосема погрешен текот на расправата доведен, бидејќи на одредени личности кои претставуваат одредени партии им се даде можност од лично име тука пред нас и пред јавноста да презентираат некое правило како треба да се бира и однесува.

Не би се согласил со одредени личности  кои заговараат култ на личност. Па нашиот претседател Љупчо Ѓеорѓиевски уште не ја преземал власта. Тогаш, се прашувам, за каков култ може да стане збор.

Од одредени соговорници беше спомнат политички терор. Ве молам, претходниот соговорник кој е во својство на потретседател на работничката партија. Ако пред јавноста беа презентирани поддршки од работни колективи и тоа од големи колективи, од каде тој си го земал правото во името на работничката класа да кажува дека нашиот претседател е неподобен, а работните колективи му даваат поддршка.

МОМЧИЛО ИВАНОВ:

Се јавувам да му реплецирам на претходниот дискутант.

Има многу луѓе, ова што го рече претходниот дискутант што се јавиле, меѓутоа јас сакам да кажам нешто друго.

На одреден начин сите ние се бориме за деполитизација на работните колективи. На тие поединци, а еве има можност тие

писма да се проверат, не се ни потпишани, Еве на пр. стои вработените во Железара. Такво нешто нема. Стои вработените во Железница. Јас го знам котларот кој го напишал писмото. Таму нема ни еден што мисли слично. Јас ви гарантирам бидејќи јас бев таму и разговарав со луѓето од нашиот актив. Станува збор за поединци и непотврдени лица.

Еве да се вратиме назад. Јас како партија воопшто не се одречувам од она што е вонпарламентарна реакција односно како граѓанин, бидејќи сите вие во вашите предизборни активности се повикувавте на граѓанинот, единствено ние на работникот, вие како граѓани да се легитимира да се каже за што е и како е.

Тоа повикуваше за цела Железара стои зад Љупчо Ѓеорѓиевски е малку, ќе простите нелогично.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Голубовски, по трет пат.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Господине претседателе, сметам дека со тоа не ми префрлате за тоа што се јавувам по трет пат, затоа што јас во тој случај ќе ве запрашам, ако јас вас не ви помогнам да дојдете до ова сознание, дали можете да кажете пред парламентот дека гарантирате за личноста на Љупчо Ѓеорѓиевски. Ако е така, тогаш повеќе не би дискутирал.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас само констатирам.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Ова што сакам уште еднаш да излезам на говорница е заради тоа што сметам дека е одбрана тактика, да не се одговара. Меѓутоа јас моето прашање ќе го повторам уште еднаш, па нека не се одговори.

Очигледно дека Љупчо Ѓеорѓиевски на конференција за печат кажа и тоа стои напишано, дека ВМРО контролира одредени високи кругови ка државната безбедност. Има разговарано, значи, со луѓе од државна безбедност.

Јас не можам да верувам на човек, на така висока позиција, пред овој парламент да не каже со кого разговарал и кои се тие кругови, затоа што веќе партиската позиција му престанува и сака да дојде во хиерархија на раководството што ќе одлучува за Македонија, а Парламентот е најмоќната институционална структура. Затоа било кој, па дури и претседателот на Републиката е должен да поднесе извештај до Парламентот. Значи принципиелно прашање.

Друго, го повторувам прашањето што го рече дека се имало увид во документацијата на одредени граѓани, дека се имало увид во идната систематизација на државната безбедност. Дека се има основно соннение дека се делеле ресови. Значи една кадровска политика однапред скроена.

Ме интересира и сакам да добијам одговор бидејќи сум загрижен како македонец од можноста, човек кој уште сега во партиска позиција има таква изразена желба да воспостави полициска контрола во Македонија. Во таква Македонија нема да има место за демократија, а ние се залагаме за демократска држава. Затоа и го повторувам прашањето уште еднаш.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Немав намера да не одговорам.

Првото прашање беше прашањето што го постави господинот Црвенковски.

Втората точка од нашите програмски цели, мислам на ВМРО, сега сеуште зборувам како претставник на ВМРО и претседател на таа партија е дека ВМРО ќе се залага за обединување на Македонија во идниот обединет Балкан - Балканска конфедерација.

Што подразбира Балканска конфедерација јас не би сакал да држам овде историски часови, меѓутоа го подразбира тоа дека државни од денешната Југославија, значи Албанија, Грција и Бугарија. Тоа е многу позната лекција од македонсхата историја. Можеме да ги свртиме нашите учебници и ќе видиме дека скоро сите најголеми револуционерни умови на Македонската идеа, таа идеа ја има овде во Балканот, треба да се срушат границите. Така да ако тоа нешто ви значи јас навистина не можам да се откажам од таа наша програмска цел, а сметам дека тоа е и во интерес на Македонија, бидејќи само на тој начин по пат на Балканска конфедерација, по пат на рушењето односно паѓањето на границите на Балканот, може да се оствари идеалот на македонскиот народ - обединета Македонија. Јас на било кое моесто да се наоѓам во Македонија, секогаш ќе се борам, антагонизмот меѓу балканските држави да се смали односно да дојде до тоа рушење односно паѓање на границите и до оној сон на Македонија.

На второто прашање, некако ми е интересна премногу загриженоста на господинот Голубовски за нашите врски за одделни кругови за државната безбедност на Македонија.

Јас како што и на прес конференцијата реков и сега можам да кажам дека ВМРО е единствена партија во Македонија која од самиот свој почеток па до пред едно скоро време беше поседувана и беше во досиеата на СДБ на Македонија.

Ако една служба за државна безбедност на Македонија која по сите правила и принципи на една држава, Европска, нормална, треба да биде деполитизирана и најмалку една партија која е легално регистрирана во Македонија, да ја води под графата, непријатели на Македонија, тогаш тоа е прашање кое треба да се разгледува од двете страни.

Што се однесува на вториот дел од прашањето, јас можам да кажам дека сум немал никаков увид во некакви лични досиеа на граѓаните на Македонија, ниту сум имал увид во некаква систематизација која што ја нарекувате вие, ниту пак некаде се зборувало за некаква кадровска политика, односно кадровско наградување за некои информации односно известувања. Тоа не значи дека ако утре ВМРО понуди свој кандидат за министер за внатрешни работи, кој сега работи во органите за внатрешни работи, дека тоа ќе значи доказ за таа работа.

НЕВЗАТ ХАЛИЛИ:

Почитувани дами и господи пратеници, почитувано Претседателство на СРМ, само нешто би сакал да речам овде, нема да бидам многу долг.

Пред се, јас лично и нашата партија го цени и го уважува најмногу, покрај другите работи и тоа што господинот Љупчо Ѓеорѓиевски е исто така човек кој е предложен од страна

на претседателот на СР Македонија, господинот Киро Глигоров.

Освен тоа ние како партија го почитуваме одговорот постигнат меѓу партиите ВМРО да може да предложи можен кандидат за потпретседател на претседателот на Републиката.

Исто така не се согласувам со тоа дека претседателот на Републиката и неговиот потпретседател треба да потекнуваат од иста партија и со исти програмски определби. Сметам дека не е во ред и тоа што некои пратеници цело време кога зборуваат за Љупчо Ѓеорѓиевски, зборуваат само за голем македонец, тоа никој не го негира, но сметам дека било кој па ни Љупчо не е потпретседател само на македонците и на сите граѓани на Македонија кои претставуваат и те како важен и голем ден на оваа Македонија. Било кој и било каде во Македонија, па и Љупчо Ѓеорѓиевски, откога ќе биде избран на било која функција, пред се', мора да го почитува уставот на СРМ и законите, а не програмата на некоја партија. Мислам дека по изборот на било кој на некоја функција не може повеќе да се декларира на една политичка партија на Македонија.

Ние како партија, уште едкаш декларирам дека ја поддржуваме кандидатурата на Љупчо Ѓеорѓиевски и нашите пратеници ќе гласаат за него.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Според законот, кандидатот за потпретседател на претседателот на Републиката е избран ако добие двотретинско мнозинство на гласови на сите пратеници во Собранието.

Потпретседателот на претседателот на Републиката со тајно гласање.

Согласно одредбите на привремениот деловник со тајното гласање раководи претседателот на Собранието на кого му помагаат тројца пратеници кои ќе ги избере Собранието на самата седница по предлог на претседателот на Собранието.

Во постапка на гласањето на претседателот му помага и секретарот на Собранието.

Предлагам во постапката на гласањето да му помагаат пратениците: Михајло Пановски, Ристо Станковски и Агим Фазлиу.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака. (Пратениците
креваат рака).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Објавувам дека се избрани пратениците Михајло Пановски, Ристо Станковски и Агим Фазлиу, кои заедно со секретарот на Собранието ќе помагаат во спроведувањето на изборот.

Гласањето ќе го извршиме на следниот начин.

На сите присутни пратеници ќе им биде дадено по едно гласачко ливче.

Пред името на кандидатот стои реден број и гласањето се врши со заокружување на редниот број.

Секој пратеник може да гласа само за кандидатот чие име е наведено во гласачкото ливче. Секое внесување на нови имиња го чини ливчето неважечко. За неважечко се смета и гласачкото ливче

кое не е пополнето како и гласачкото ливче што не е пополнето така да не може со сигурност да се утврди дали пратеникот гласал за кандидатот.

Гласањето се врши со прозивка.

Прозивката ја врши секретарот на Собранието.

Пратениците што ќе бидат прозвани доаѓаат до работната маса во салата каде ќе им биде дадено гласачко ливче.

Заради обезбедување на тајноста, пратениците за гласање ќе ги користат местата во салата определени за вршење на гласањето.

Ве молам минатиот пат дополнително ми беше укажано од некои дека имало пратеници кои гласале и надвор од утврденото место за гласање. Ако тоа се појави и сега ќе мораме да го поништиме гласањето. Секој треба да се придржува на овој пропис.

Откако ќе го извршат гласањето, пратениците свитканите гласачки ливчиња ги спуштаат во гласачките кутии.

Потоа, седницата се прекинува за да се утврдат резултатите од гласањето.

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвоното.

Ги молам пратениците кои ќе помагаат во спроведувањето на изборот да ги запечатат гласачките кутии, да присуствуваат кај гласачките кутии, а по завршувањето на гласањето заедно со секретарот на Собранието да се повлечат во салата спроти свечената сала, заради утврдување на резултатите од гласањето.

Го молам секретарот на Собранието да почне со прозивка на пратениците.

(пауза).

(По паузата)

Седницата продоlжи во 18,50 часот.

СТОЈАН АНДОВ:

Ги молам пратениците да си ги заземат ствоите места.

Продолжуваме со работа.

Врз основа на резултатите од гласањето, објавувам дека од вкупно од 118 пратеници кои гласале, за кандидатот Љупчо Ѓеорѓиевски, гласале 88 пратеници. (аплауз)

Неважечки ливчиња има 30.

Врз основа на овие резултати од гласањето, објавувам дека Љупчо Ѓеорѓиевски е избран за потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија, бидејќи доби двотретинско мнозинство гласови на сите пратеници во Собранието.

Го молам избраниот потпретседател на Претседателот на Социјалистичка Република Мкаедонија да даде свечена изјава.

Ве молам да станеме. (пратениците стануваат).

ЉУПЧО ЃЕОРЃИЕВСКИ:

Изјавувам дека функцијата потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Мкаедонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и на законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Социјалистичка Република Мкаедонија и на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. (бурен аплауз).

СТОЈАН АНДОВ:

Го молам потпретседателот на Претседателот на Социјалистичка Република Македонија да го потпише текстот на Свечената изјава. (Новоизбраниот потретседател го потпишува текстот на свечената изјава).

Потпретседателот на претседателот на Републиката сака да се обрати до пратениците.

ЉУПЧО ЃЕОРЃИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Најпрвин сакам да ви ја искажам сета моја благодарност за довереената доверба, сакам да ја искажам сета моја благодарност кон македонскиот народ, кон македонските граѓани
и, нормално, уште еднаш да ви кажам дека она за што влеговме овде со сигурност ќе го исполнам и ќе се борам за тоа.

Уште на самиот почеток можам да кажам дека во целост и во потполност го подржувам целиот говор на г-дин Претседател на Македонската држава, на г-динот Киро Глигоров, (бурен аплауз), и дека се надевам, дека со еден вака искусен Македонец, човек, политичар ќе научам многу во политиката, ќе научам многу за Македонската држава и се надевам, дека секогаш ќе му бидам од помош во борбата за она за што овде се залагаме.

Сакам уште еднаш да потсетам дека ние пред неколку дена, овде, во овој Македонски парламент донесовме една Декларација за суверена македонска држава. Сметам дека таа појдовна точка што ја донесе овде Македонскиот парламент никогаш нема да ја напуштам, ами, само ќе се борам за нејзино остварување од хартија во дело.

Се надевам првата македонска влада во едни парламентарни избори ќе успееме што поскоро да ја составиме и да можеме навистина, да излеземе од овие наши, внатрешни македонски состојби

и да се насочиме, навистина, кон проблемите што ја мачат Македонската држава.

Како што рече г-дин претседател Киро Глигоров, живееме во историско време. Историско време, како што можеби, беше 1903 година, 1912, 1914, 1941 и 1948 година. Повторно Македонската држава и не само Македонската држава, туку целиот Балкан и цела Европа се наоѓа на една нова историска раскрсница, Историска раскрсница која што ќе го доживее својот расплет можеби по година, две, три, а може би само по три месеци. Не знаеме каква ќе биде завршницата. Меѓутоа она што сакам да го подвлечам и да потсетам во овој Македонски парламент дека повеќе не можеме како Македонци како Македонска држава, како македонска историја да се вадиме, дека не сме знаеле што не' чекало и што се случувало околу нас.

Сакам уште еднаш да потсетам дека овие 120 луѓе кои седат во овој Македонски парламент како и оние што не' избирате како ваши предводници, мораме да ја соочиме целата реалност на суровоста во која живееме. Тоа е новиот југословенски договор, тоа е новиот модел за кој ќе се договориме сите во Југославија како суверени држави, а каков договор ќе и' дадеме на Македонската држава, каков договор ке им дадеме на македонските грагани тоа зависи само од вашите овде 120 гласа.

Значи можеме да кажеме дека повеќе за судбината на Македонија никој нема да биде одговорен, дека никого не можеме да го обвинуваме за такво или онакво влијание. За судбината на Македонија ќе одлучува само Македонскиот народ. Сакам да кажам вториот проблем со кој треба да се соочиме, сигурно е

економските состојби во Македонија, што поскоро да направиме македонските граѓани да почувствуваат дека нешто се движи во Македонија. Јас мислам дека сите оние кои денес живеат во беда во Македонија знаат дека работите не можеме да ги промениме преку ноќ. Меѓутоа, да се надеваме дека на македонскиот народ, на македонските граѓани, на државјаните на Македонската држава ќе им подариме почетни промени да видат луѓето дека сепак нешто почнува да се движи во областа на економијата, дека сепак има шанса за Македонија, дека сепак има надежд во Македонија.

Третиот проблем кој, сигурно, овде се налага како еден приоритет на овој Македонски парламент, тоа се односите во Македонија, меѓунационалните проблеми. Сметам дека сега ќе ја покажеме сета наша мудрост да не дозволиме да ги решаваме проблемите по некои туѓи рецепти, да им дадеме свој пристап, македонски, кој ќе биде прифатен од нас, сите внатре кои што живееме во Македонија, а исто така и од еден цивилизиран свет.

И нормално, еден од главните моменти, тоа е новата политика, политика на која не’ обврзува оваа Декларација на сувереноста, политиката за грижата на нашите Македонци во Пиринска Македонија, Беломорска Македонија, Македонците во Албанија и целата наша македонска дијаспора.

Се надевам дека ќе успееме да изградиме една нова политика во која политика, навистина, македонските интереси ќе дојдат во прв палн, политика во која слугувањата, служењето на некои други интереси веќе ќе биде заборавено минато и она што

го велиме сегде - да го вратиме достоинството на Македонија.

Се надевам дека оваа македонска генерација ќе успее да роди, да создаде едни нови македонски политичари кои, навистина, ќе имаат свое достоинство. (Бурен аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи дневниот ред за денешната седница е исцрпен, ја заклучувам Шестата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а наредната седница ќе биде свикана по писмен пат.

(Седницата заврши во 19,00 часот).